РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1555/2
03.10. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата **12-та** седница, одржана на **27.9.2024** година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на Студиската програма „Биологија-Хемија“, прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математички факултет при Универзитет во Тетово

1. Се акредитира Студиската програма **„Биологија-Хемија“**, прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математички факултет при Универзитет во Тетово, согласно Законот за високото образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитацијата за Студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од академска **2024/2025** година.

3. По завршување на студиите на Студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академскиот назив: **Дипломиран професор по биологија и хемија за основно образование** / во меѓународниот промет академскиот назив: **Bachelor of Science in Biology and Chemistry for Primary Education.**

4. Научно-истражувачко подрачје: 1 Природно-математички науки
Научно-истражувачко поле: 102 Биологија, 107 Хемија
Научно-истражувачка област: 10200 Биологија, 10201 Биохемија, 10202 Ботаника, 10205 Екологија, 10700 Хемија, 10702 Аналитичка хемија, 10705 Неорганска хемија, 10706 Органска хемија.

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува **60** студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

Në bazë të nenit 48 paragrafi (2) pika 6, nenit 145 paragrafi (2) dhe nenit 227 të Ligjit për arsimin e lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 82/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 178/21), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mbledhjen e **12-të** mbajtur më **27. IX. 2024** solli:

# AKTVENDIM

## për akreditimin e programit studimor „Biologji-Kimi“, cikli i parë i studimeve akademike – studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës

1. Akreditohet programi studimor **„Biologji-Kimi“**, cikli i parë i studimeve akademike – studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Dekretin për normat dhe standardet për themelimin e institucionit të lartë arsimor dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11) dhe Klasifikimi i sferave, fushave dhe lëmenjve shkencorë-hulumtues sipas Klasifikimit Ndërkombëtar të Fraskatit (e dhënë si Shtojcë 1 të Dekretit të theksuar.)

2. Akreditimi i programit studimor nga pika 1 e këtij vendimi është për periudhën prej pesë vitesh studimore duke filluar nga viti akademik **2024/2025**.

3. Pas mbarimit të studimeve në programin studimor të pikës 1 të këtij vendimi, studenti fiton 240 SETK kredi dhe merr titullin akademik: **Profesor i diplomuar i biologjisë dhe kimisë për arsim fillor** / në qarkullimin ndërkombëtar titullin akademik: **Bachelor of Science in Biology and Chemistry for Primary Education.**

4. Sfera shkencore-hulumtuese: 1 Shkencat matematike-natyrore
Fusha shkencore-hulumtuese: 102 Biologji, 107 Kimi
Lëmia shkencore-hulumtuese: 10200 Biologji, 10201 Biokimi, 10202 Botanikë, 10205 Ekologji, 10700 Kimi, 10702 Kimi analitike, 10705 Kimi inorganike, 10706 Kimi organike.

5. Numri i studentëve që mund të regjistrohen në vitin e parë të programit studimor të përcaktuar në pikën 1 të këtij vendimi është **60** studentë.

6. Ky Aktvendim është përfundimtar dhe hyn në fuqi ditën e miratimit.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. **02-3564/1** од **30.11.2023** година од страна на Сенатот на Универзитет во Тетово, за усвојување на Студиската програма **„Биологија-Хемија“**, прв циклус на академски студии – додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно-математички факултет при Универзитет во Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. **15-2266/1** од **13.12.2023** година (наш бр. **08-1555/1** од **19.12.2023** година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенцијата за квалитет во високото образование, на **69-та** седница, одржана на **27.12.2023** година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во Извештајот на Стручната комисија, бр. **08-1555/6** од **30.9.2024** година, согласно Законот за високото образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области, според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата **12-та** седница, одржана на **27.9.2024** година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на Студиската програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

**проф. д-р Марјан Ѓуровски**

## Arsyetim

Pas Vendimit të miratuar më parë nr. **02-3564/1** i datës **30. XI. 2023** nga ana e Senatit të Universitetit të Tetovës, për miratim të programit studimor **„Biologji-Kimi“**, cikli i parë i studimeve akademike – studime deridiplomike (240 SETK), të Fakultetit të Shkencave Matematike-Natyrore në Universitetin e Tetovës, deri te Agjencia për Cilësi në Arsimin e Lartë, përkatësisht Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë dorëzoi kërkesë me nr. e tyre **15-2266/1** i datës **13. XII. 2023** (nr. ynë **08-1555/1** i datës **19. XII. 2023**) për pranimin e elaboratit, përkatësisht akreditimin e programit studimor në fjalë.

Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, organ i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, në mbledhjen e **69-të** të mbajtur më **27. XII. 2023**, formoi Komision Profesional për shqyrtimin e kërkesës për akreditim me dokumentacionin e bashkëngjitur dhe përgatitjen e raportit lidhur me kërkesën dhe dokumentacionin.

Bazuar në vlerësimin pozitiv që përmban Raporti i Komisionit Profesional, nr. **08-1555/6** i datës **30. IX. 2024**, në përputhje me Ligjin për arsimin e lartë*, Dekretin për normat dhe standardet për themelimin e institucionit të arsimit të lartë dhe kryerjen e veprimtarisë së arsimit të lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11) dhe Klasifikimi i sferave, fushave dhe lëmenjve shkencorë-hulumtues sipas Klasifikimit Ndërkombëtar të Fraskatit dhe Rregulloren për organizimin, punën, mënyrën e vendosjes, metodologjinë e akreditimit dhe evaluimit, standardet e akreditimit dhe evaluimit, si dhe çështje tejra në lidhje me punën e Bordit të Akreditimit dhe Evaluimit të Arsimit të Lartë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 151/12), Bordi i Akreditimit të Arsimit të Lartë, në mbledhjen e **12-të** mbajtur më **27. IX. 2024**, vendosi si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**Këshillë juridike:** Aktvendimi për akreditimin e programit studimor është përfundimtar dhe kundër tij mund të dorëzohet padi në Gjykatën Administrative.

Kryetar
i Bordit të Akreditimit të Arsimit të Lartë